Врз основа на член 13, став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18) и член 5, став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година и бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година Државниот испитен центар Скопје распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС
## за избор на надворешни соработници–оценувачи на делови од тестови и надворешни соработници за кодирање на прашалници на меѓународната студија ПИСА - PISA (Programe for International Student Assessment)

Државниот испитен центар Скопје распишува конкурс за избор на надворешни соработници – оценувачи за оценување на делови од тестови на меѓународната студија PISA (Programe for International Student Assessment) и за избор на надворешни соработници за кодирање на прашалници на меѓународна студија PISA (Programe for International Student Assessment), и тоа:

**I. Надворешни соработници - оценувачи на делови од тестови:**

**1.** Осум оценувачи на македонски јазик и на англиски јазик за подрачјето писменост во природните науки.

**2.** Четири оценувачи на албански јазик и на англиски јазик за подрачјето писменост во природните науки.

**3.** Четири оценувачи на македонски јазик и на англиски јазик за подрачјето оспособеност за читање со разбирање.

**4.** Двајца оценувачи на албански јазик и на англиски јазик за подрачјето оспособеност за читање со разбирање.

**5.** Четири оценувачи на македонски јазик и на англиски јазик за подрачјето математичка писменост.

**6.** Двајца оценувачи на албански јазик и на англиски јазик за подрачјето математичка писменост.

**II. Надворешни соработници за кодирање на прашалници:**

**1.** Четири лица за кодирање на прашалници на македонски јазик и на англиски јазик.

**2.** Две лица за кодирање на прашалници на албански јазик и на англиски јазик.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:**

**I. Кандидатите за надворешни соработници – оценувачи на делови од тестови треба да ги исполнуваат следниве услови:**

**а) да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област и тоа:**

**1.** За подрачјето писменост во природните науки да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (биологија, хемија или физика).

**2.** За подрачјето оспособеност за читање со разбирање на македонски јазик да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (македонски јазик).

**3.** За подрачјето оспособеност за читање со разбирање на албански јазик да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (албански јазик).

**4.** За подрачјето математичка писменост да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (математика).

**б) да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.**

**II. Кандидатите за надворешни соработници за кодирање на прашалници треба да ги исполнуваат следниве услови:**

**а) да имаат завршено најмалку високо образование.**

**б) да го познаваат англискиот јазик.**

**в) да го познаваат јазикот на кој се кодираат прашалниците.**

**Кандидатите задолжително ја доставуват следнава документација:**

**I. Кандидатите за надворешни соработници – оценувачи на делови од тестови:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на следната веб-страница www.dic.edu.мк;
- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар;
- потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години во настава.

**II. Кандидатите за надворешни соработници за кодирање на прашалници:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на следната веб-страница www.dic.edu.мк;
- копија од уверението/дипломата за завршено високо образование.

За кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови Државниот испитен центар Скопје ќе организира обука, по што ќе следи проверка на знаењата на кандидатите.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Изборот на надворешни соработници - оценувачи и надворешни соработници за кодирање на прашалници се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар.

Конкурсот трае 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи на ПИСА“ или со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници за кодирање прашалници на ПИСА“.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

- пријавите доставени по истекот на предвидениот рок;
- нецелосно пополнетите пријави;
- пријавите кон кои не е доставена предвидената документација;
- пријавите кои не се доставени по пошта со препорачана поштенска пратка.

Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број  07о 326 330, секој работен ден од 10.00 часот до  14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ